Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-1178/5

Скопје 11.09.2023

**Предмет:** РЕШЕНИЕ **за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер("Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер("Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање од , со бр.16.1.2-1178/1 од 22.08.2023 година, го донесе следното,

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-1178/1 од 22.08.2023 година, во кое е содржано следното прашање:

„-Број на лица кои месечно влегуваат во Р.С.Македонија...........
-Број на странски државјани кои.............. ", **по извршените проверки во надлежната организациска единици и согласно податоците со кои располагаме,** Ве информираме за следното:

- Број на лица - странци кои во текот на месец мај и јуни 2023 година влегле во Република Северна Македонија на граничен премин „Долно Блаце" е следен: **мај - 167.308 лица и јуни - 155.690 лица**

- Број на странски државјани кои престојуваат во Скопје во јуни и мај е следен: **1.059 странци (постојан и привремен престој).**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до Одделот за гранични работи и миграции при Бирото за јавна безбедност, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

**Правна поука**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Изработил: Јован Пешевски
Контролирал: Сузана Прајиќ Талевска
Одобрил: Наталија Спирова

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
Тони Ангеловски


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015